sitel
www.sitel.com.mk
ЕКСКЛУЗИВНО
НА СИТЕЛ
BARCLAYS PREMIER LEAGUE

25.02.2010

# СРБИТЕ НАЈОМИЛЕНИ СОСЕДИ НА МАКЕДОНЦИТЕ

**Пријателството на Македонците и Србите е на многу високо ниво, но положбата на Србите во земјава е драстично влошена.**



Ова е ставот на Иван Стоиљковиќ лидерот на Демократската партија на Србите во Македонија. Влошувањето го гледа во верските слободи на србите и медиумскиот притисок. - Медиумскиот линч е обид да се наруши расположението на Македонците со Србите, да се загрози пријателството помеѓу Македонија и Србија и анкетата покажа дека тоа не е така, вели Иван Стоиљковиќ лидер на Демократската партија на Србите во Македонија.

Србите се најомилени соседи на Македонците и се на прво место при изборот на брачен сопатник кој не е од земјава. 36% од македонците велат дека имаат најголема доверба во Србија, втора е Албанија со околу 20 отсто, по неа се Бугарија и Косово. Најмалку доверба Македонците имаат во Грција.

Ова го покажа анкетата на институтот “Димитрија Чуповски” направена на над илјада испитаници во периодот од 17 до 22 февруари годинава..

***Маја Трајковска***